РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОДБОРОТ ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Бр. 2112/79

11.03.2021 год.

СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став 9 алинеја 3 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/13 и 30/16), Одборот за Националната рамка на квалификации, на седницата одржана на 28.5.2020 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

1. Квалификацијата **Гинеколошко - акушерска сестра** се распоредува на ниво IV **,** во Националната рамка на квалификации.

2. Ознаката на квалификацијата од точка 1 на оваа одлука во Регистарот на квалификации е **0079.**

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Одборот за Национална рамка на квалификации на седницата одржана на 10.03.2021 година ја разгледа и расправаше по квалификацијата **Гинеколошко - акушерска сестра** со обем од 240 кредити, поднесена од страна на Министерството за образование и наука со барање бр. 12-11698/2 од 27.11.2018 година и утврди дека има предлог и позитивно мислење бр. 2110-8/4 од 26.10.2020 година од Секторската комисија за здравство и социјална заштита, изготвена е во согласност со Методологијата за развој на стандарди на квалификации бр. 2608 од 06.02.2017 година, како и дека е споредлива со таквите квалификации и дека ги исполнува барањата за ниво IV, согласно Законот за Националната рамка на квалификации.

Имајќи го предвид горенаведеното Одборот за Национална рамка на квалификации одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ОДБОР ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ СКОПЈЕ KËSHILLI PËR KORNIZËN NACIONALE TË KUALIFIKIMEVE SHKUP Republika e Maqedonisë së Veriut

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ОДБОРОТ ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА
КВАЛИФИКАЦИИ

Борчо Алексов

**Доставено до:**

- **Одделение за Национална рамка на квалификации**

изготвил: Ивона Билинска
контролирал: Кети Костовска